**Република Македонија**
**М И Н И С Т Е Р С Т В О З А Ф И Н А Н С И И**

# О Г Л А С

## за поднесување барања за првото полагање на стручниот испит за проценувач од областа на побарувањата и обврските

Се повикуваат сите заинтересирани лица кои ги исполнуваат условите за прво полагање на испитот за проценувач да поднесат барање за првото полагање на стручниот испит за проценувач од областа на: побарувањата и обврските.

Кандидатите кои имаат интерес за полагање на првиот испит за проценувач од наведената област на процена треба да поднесат Барање до архивата на Министерството за финансии или по пошта на адреса: Министерство за финансии, бул.Мито Хаџивасилев Јасмин бр.50, 1000 Скопје.

1.Барањето (исклучиво во печатена форма) треба да содржи:

- име и презиме на барателот и точна адреса на живеење,
- телефон за контакт и електронска адреса,
- заверено копие од сертификат за завршена почетна обука за проценувач од областа на побарувањата и обврските и
- примерок од налогот за плаќање на јавни приходи ПП 50, кој се пополнува на следниот начин:

Во полето „Цел на дознака„ се впишува: Прва почетна обука за проценувач од областа на: побарувањата и обврските.

Во полето „Назив и седиште на примачот„ се впишува: Трезорска сметка – Министерство за финансии.

Во полето „Банка на примачот„ се впишува: Народна банка на Република Македонија.

Во полето „Трансакциска сметка на примачот„ се впишува: 100000000063095.

Во полето „Износ„ се впишува: соодветниот износ на надоместот.

Во полето„Сметка на корисник„ се впишува 090010016763117.

Во полето „Приходна шифра и програма„ се впишува 725939 - 10

2.Корисниците на социјална помош се ослободени од плаќање на трошоци за полагање на испитот, за што е потребно да се достави потврда за користење на

социјална помош, која не треба да биде постара од 15 дена од денот на објавување на Огласот.

3.Надоместокот за трошоците за полагање на испитот за лицата кои повеќе од шест месеци се невработени, изнесува 1.500 денари, за што е потребно да се достави потврда за невработеност, која не треба да биде постара од 15 дена од денот на објавување на Огласот.

4.Надоместокот за трошоците за полагање на испитот за лицата кои не се опфатени во точките 2 и 3 на ова известување изнесува 5.000 денари.

5.Плаќањето на износот на надоместок за трошоци за испит може да се врши на рати (до три), со тоа што испитот може да се полага по уплатата на последната рата.

6.За времето и местото на одржувањето на испитот кандидатите ќе бидат известени најмалку осум дена пред полагањето на испитот.

7.Краен рок за поднесување на барањето до Министерството за финансии е 31.05.2012 година.

8.Полагање на испитот за проценувач од областа на: побарувањата и обврските **ќе се одржи на 07.06.2012 година (четврток).**

9.Огласот ќе биде објавен и на веб страницата на Министерството за финансии www.finance.gov.mk.

**МИНИСТЕРСТВО ЗА ФИНАНСИИ**